Република Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје
Архитектонски факултет

# ИЗВЕШТАЈ
ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ЗА УЧЕБНАТА 2015/2016 ГОДИНА

Скопје
Април, 2017 година

**СОДРЖИНА**

1.ЕЛЕМЕНТИ НА ПРОЦЕСОТ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА
1.1.Цели на процесот на самоевалуација
1.2.Остварување на процесот на самоевалуација

2.ОПИС НА ФАКУЛТЕТОТ
2.1.Историјат на Факултетот
2.2.Наставно-научна организациона структура на Факултетот

3.НАСТАВЕН И НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЦЕС
3.1.Студиски програми
3.2.Наставно-научен, соработнички и административен кадар
3.3.Студенти на интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус
3.4.Наставно-образовна дејност
3.5.Научно-истражувачка и апликативна дејност

4.МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

5. РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТИРАЊЕТО НА СТУДЕНТИТЕ

6. ПРОСТОРНИ И ФИНАНСИСКИ УСЛОВИ НА РАБОТЕЊЕТО

7. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

# 1. ЕЛЕМЕНТИ НА ПРОЦЕСОТ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА

## 1.1 Цели на процесот на самоевалуација

Во рамките на востановениот систем за контрола на квалитетот, Факултетот самостојно ги оценува постигнатите резултати на работата во сите релевантни сфери на своето делување, првенствено наставната и научно-истражувачката, преку оценување на остварувањето на студиската програма на петгодишните интегрирани студии од прв и втор циклус по архитектура, преку истражувањето на ставовите на студентите, состојбата со наставниот кадар, просторните услови, финансиската состојба и меѓународната соработка.

## 1.2 Остварување на процесот на самоевалуација

Наставно научниот совет на својата 4-та седница од 10.01.2014 година донесе одлука за формирање на Комисија за самоевалуација на Факултетот во состав:

- проф. д-р Коробар Влатко, претседател

- проф. д-р Арсовски Владимир,

- вон. проф. д-р Марина Огнен,

- доц. д-р Зиноски Михајло,

- вон. проф. д-р Касапова Елизабета,

- два претставника од Студентскиот парламент.

Со цел за поквалитетно спроведување на процесот на самоевалуација Наставно научниот совет избра две поткомисии, за првите три студиски години и за четврта и петта година.

Заради обемноста на процесот на анкетирање на студентите, а особено заради долготрајниот процес на сумирање на резултатите од анкетирањето, комисијата иницира изработка на софтвер со кој значително се зголеми ефикасноста на процесот со целосно зачувување на анонимноста на анкетираните студенти. Бидејќи процесот е поврзан со запишувањето на семестрите, воедно е зголемен и бројот на анкетираните студенти, односно постои скоро целосен опфат на студентите со исклучок на оние кои од оправдани причини подоцна го запишуваат семестарот. Овој начин на анкетирање почна да се спроведува од учебната 2015/2016 година.

Целината на процесот на самоевалуација беше спроведен со примена на различни методи кои овозможија увид во состојбите на внатрешните организациони единици на институцијата, мислењето на студентите за реализацијата на студиската програма, како и непосредниот увид на Комисијата во работата на Факултетот, остварена со помош на податоците презентирани од факултетските служби.

Од особена важност во процесот на самоевалуацијата беше спроведувањето на студентските анкети кои продуцираа обемен материјал за перцепцијата на студентите на образовниот процес на Факултетот и условите во кои тој се одвива.

Во текот на работата Комисијата ја користеше и релевантната документација со која располага Факултетот за пореално согледување на состојбите. При тоа, Комисијата имаше полна поддршка од сите субјекти вклучени во дејноста на Факултетот.

При оценувањето на резултатите од спроведената самоевалуација заради интегрирано согледување на состојбите и нивното подобрување беа анализирани предностите, слабостите, можностите и пречките во работата на Факултетот.

## 2. ОПИС НА ФАКУЛТЕТОТ

### 2.1 Историјат на Факултетот

Архитектонскиот факултет е основан во 1949 година како отсек на Техничкиот факултет. До 2004 година Факултетот беше единствената високообразовна институција во Република Македонија којашто подготвуваше кадри од областите на архитектурата и урбанизмот и од специјализирани стручни подрачја поврзани со нив.

Во текот на своето постоење Факултетот поминал низ неколку развојни фази. Од 1949 до 1954 година образованието по архитектура се одвивало на архитектонскиот отсек на Техничкиот факултет. Од 1955 година факултетот продолжува да работи како архитектонски оддел на Архитектонско-градежен факултет. Во 1976 година неговиот архитектонскиот оддел прераснал во самостоен Архитектонски факултет.

Од учебната 2007/2008 година во рамките на прилагодувањето на студиската програма кон Болоњскиот процес и примена на Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) Факултетот работи според нова програма на единствени петгодишни студии од прв и втор циклус.

До 2015 година на Архитектонскиот факултет, според старата студиска програма, дипломирале 4575 студенти кои се стекнале со звањето дипломиран инженер архитект. Постдипломски студии според старите наставни програми завршиле 42 студенти кои се стекнале со научно звање магистер по технички науки од областа на архитектурата. На Факултетот докторирале 37 кандидати кои се стекнале со звањето доктор по техничките науки.

Во 2016 година Архитектонскиот факултет ја организира дваесетипеттата сесија на Меѓународната летна школа за архитектура. Во работата на летната школа во изминатите дваесетипет години учествувале околу илјада студенти и ментори, од кои околу шестотиниипедесет домашни и преку триста студенти и ментори од различни земји од Европа и светот. Треба да се одбележи дека во рамките на Универзитетот, по Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, Летната школа за архитектура што ја организира Архитектонскиот факултет е втора по должината на своето

постоење, како комплементарна институционална форма на стекнување знаења од овој вид.

Во изминатите повеќе од шест и пол децении, преку залагањата на наставниот кадар Архитектонскиот факултет се етаблира како институција со високи образовни стандарди која ужива углед во регионот и пошироко како високообразовна институција која овозможува стекнување на професионални компетенции и квалитетни теориски и практични знаења од областите на архитектонското проектирање, урбанистичкото планирање и обликување, историјата на архитектурата и ревитализацијата и заштитата на градителското наследство, архитектонските конструкции, современите технологии на градење и методите на управување со процесите на проектирање и градење и вештини во областа на графичките комуникации.

### 2.2 Наставно-научна организациона структура на Факултетот

Во организациска смисла, а за потребите на вршење на наставната и научно-истражувачката дејност, на Факултетот егзистираат пет институти како внатрешни организациони единици:

- Институт за архитектонско проектирање

- Институт за урбанизам

- Институт за високоградба

- Институт за заштита на градителското наследство и историја на архитектурата

- Институт за графички комуникации.

## 3. НАСТАВЕН И НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОЦЕС

### 3.1 Студиски програми

Наставата на Архитектонскиот факултет се изведува според студиска програма на единствени петгодишни студии по архитектура од прв и втор циклус, согласно Болоњскиот процес и со примена на Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС).

По завршувањето на единствените петгодишни студии од прв и втор циклус, студентите стекнуваат звање магистер инженер архитект (Master of Architecture) кое согласно Законот за градење е предуслов за пристап до професијата архитект и за стекнување на овластување од Комората на овластени архитекти и овластени инженери.

Правилата на студирање овозможуваат, по барање на студентот, по завршувањето на третата година на студии да се полага интермедијарен завршен испит после кој се стекнува звањето Bachelor of Architecture.

Заради покажаниот голем интерес на студентите кои дипломирале според старата студиска програма за стекнување на звањето Master of Architecture, факултетот овозможи

нивно запишување во рамките на вториот циклус на единствени петгодишни студии по архитектура од прв и втор циклус.

На Факултетот не постојат студии од трет циклус, но се прават напори за нивно востановување во непосредна иднина.

## 3.2 Наставно-научен, соработнички и административен кадар

Во академската 2015/2016 година наставата и делувањето на Факултетот ги реализираа вкупно 28 наставници и 4 соработници со поддршка на 17 вработени во административно-техничките служби на Факутетот.

*Наставно-научен кадар*

Редовни професори 11

Вонредни професори 7

Доценти 10

*Вкупно 28*

*Соработнички кадар*

Асистенти 4

*Вкупно 4*

*Административен кадар*

Високо образование 8

Средно образование 5

Основно образование 4

*Вкупно 17*

Состојбата со наставниот кадар покажува дека продожува негативниот тренд на намалување на вкупниот број на наставно-научниот и соработничкиот кадар. Дисконтинуитет во обновувањето на наставно-научниот и соработничкиот кадар продолжува и натаму. Од вкупно 34 наставници и соработници во 2012/2013 година, нивниот број е намален на 32, но на крајот на учебната 2015/16 еден професор замина во пензија со што вкупниот број се намали на 31. Во однос на структурата, подобрена е рамномерноста во дистрибуцијата на наставно-научниот кадар по звања, па од 12 редовни професори, 2 вонредни професори и 10 доценти во 2013, сега односот изнесува 11/7/10.

Заради евидентниот недостаток на кадар, а со оглед на специфичностите на образованието по архитектура за редовното одвивање на наставата се користи можноста за ангажирање на стручњаци од праксата во одредени форми на наставата.

Во процесот на избор и унапредување на наставно-научниот кадар беа почитувани критериумите, стандардите и обврските што произлегуваат од Законот за високото

образование, подзаконските акти, Статутот на Универзитетот и соодветните правилници. Заради специфичностите на професијата архитект, како регулирана професија со директивите на ЕУ, Факултетот ја искористи можноста преку Министерството за култура да предложи листа на авторски дела и референци како дополнување на процедурата за избор која ја одразува специфичноста на професијата.

### 3.3 Студенти на интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус

Во учебната 2015/2016 година, вкупниот број на студенти на Архитектонскиот факултет изнесуваше 623. Оваа бројка е за над сто студенти помала од вкупниот број на студенти во учебната 2012/2013 година. Ова се должи на големиот број апсолвенти кои ги завршија студиите според старата студиска програма, што како можност постоеше до септември 2014 година. Дистрибуцијата на бројката од 623 студенти по студиски години е следна:

- Прва година 114
- Втора година 127
- Трета година 125
- Четврта година 150 и
- Петта година 107 студенти.

Карактеристично за уписот на Архитектонскиот факултет е постоењето на тестот за утврдување на склоноста за студии по архитектура. Конкурсот за упис на нови студенти беше успешно спроведен, со претходно спроведени активности за запознавање на сите заинтересирани кандидати со студиите и условите за упис. На конкурсот за запишување на нови студенти се пријавија 167 кандидати од кои 114 се запишаа на прва година на студии, и тоа 50 во државна квота, 60 со партиципација и 4 по други основи утврдени со конкурсот. Бројот на кандидати за упис е во благо, но постојано опаѓање, што меѓу останатото се должи и на големиот број новоотворени факултети/студии по архитектура. Сепак, останува непроменет континуираниот интерес за студии по архитектура, а се очекува бројката на заинтересирани кандидати да се стабилизира во наредниот период.

Согласно Конкурсот  за запишување студенти на втор циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2015/2016 година, бројот на запишани студенти на Архитектонскиот факултет е следен:

- во VII семестар на интегрираните студии, за кандидати кои  завршиле прв циклус студии по архитектура од предвидените 20 студенти се запишаа 13 студенти.

- во X семестар на интегрираните студии, за кандидати кои дипломирале на додипломски студии во траење од 9+1 семестри, од предвидените 60 студенти во првиот уписен рок се запишаа 47 студенти, во вториот уписен рок се запишаа 12 студенти.

Во учебната 2015/2016 година, на единствени петгодишни студии по архитектура од прв и втор циклус магистрирале 89 студенти, а вкупниот број на магистрирани студенти на

интегрираните студии од прв и втор циклус заклучно со учебната 2015/2016 година изнесува 375.

Можноста своето образование да го оформат по завршување на третата студиска година со полагање на интермедијарен завршен испит досега ја искористиле 40 студенти.

Во овој период девет кандидати ги одбраниле своите докторски дисертации на Архитектонскиот факултет и се стекнале со звањето доктор на техничките науки, според стариот систем.

### 3.4 Наставно-образовна дејност

Наставата се изведувааше согласно усвоениот календар на активности на Универзитетот и Факултетот и усвоениот ангажман на наставниците и соработниците. Заради големиот број на студенти кои се запишуваат на Факултетот, во подолг период егзистираат проблеми со рационална организација на неделниот распоред на активности на студентите предизвикани првенствено од просторните ограничувања. Во тек се обиди овој проблем делумно да се реши со адаптирање на просторот на старата универзитетска печатница, што би го користеле Архитектонскиот и Градежниот факултет за потреби на наставата.

Зголемениот број на студенти и континуираното намалување на наставно-научниот кадар резултира во зголемен ангажман на наставно-научнииот кадар, кој во одредени случаи е значително над границата на редовниот ангажман, што директно се одразува на можноста наставно-научниот кадар да се ангажира во научно-истражувачката работа и стручно-уметничката дејност, како значајни сегменти на нивната севкупна дејност.

Треба да се одбележи дека дека бројот на стручњаци од праксата кои се ангажираат во наставата е идентичен со бројот на редовно вработениот кадар. Иако обемот на нивниот ангажман е помал, без нивното учество наставата не би можела во целост да се изведува, што е уште еден показател за потребата од обнова и зголемување на бројот на наставно-научниот кадар на Факултетот.

Како дел од политиката на отворање кон јавноста, особено стручната, продолжи востановената практика по завршувањето на зимскиот и летниот семестар да се организира изложба на студентски трудови од архитектонските студија што овозможува увид на студентите и на јавноста во резултатите од работата во различните студиски години, нивна компарација, како и транспарентност на резултатите од наставниот процес. Факултетот издава публикација/каталог за секоја од организираните изложби на архитектонските студија.

И во изминатиот период успешно е реализирана соработката со повеќе факултети на Универзитетот од кои одреден број наставници учествува во изведувањето на наставата по дел од задолжителните и изборните предмети од студиската програма.

Исто така, дел од наставниците на Архитектонскиот факултет, излегуваат во пресрет на барањата на други факултети од УКИМ за изведување на наставата на предмети од областа на нивната научна и стручна експертиза.

Согласно со програмата за визитинг професори од меѓународно рангирани универзитети и потребите на Архитектонскиот факултет за периодот 2015/2016 беа поканети визитинг професори за извршување високообразовна дејност на Факултетот и тоа:

Д-р Мирјана Лозановска, School of Architecture and the Built Environment at Deakin University, Мелбурн, Австралија во зимскиот семестар во период од една недела по предметот Интегративно студио;

Антонио Петров, University of Texas, Сан Антонио, САД, по предметот Архитектонско студио;

Михил Ридајк, Department of Architecture, Delft University of Technology, Холандија, гостин тутор на Летната школа за архитектура.

Џулиет Бекеринг, Department of the Built Environment, Eindhoven University of Technology, Холандија, гостин тутор на Летната школа за архитектура.

Во рамките на активностите комплементарни со наставно-образовниот процес на Факултетот беа организирани предавања за студентите и пошироката јавност со предавачи од земјата и странство, неколку работилници вон редовните наставни обврски и повеќе изложби кои беа организирани на Факултетот или во местата кои беа предмет на изработка на проекти во рамките на наставата или работилниците.

### 3.5 Научно-истражувачка и апликативна дејност

И покрај исклучително обемниот ангажман на наставно-научниот кадар во наставата, во учебната 2015/16 најголем број од нив беа ангажирани во повеќе научно- истражувачки проекти. Во научните проекти учествувале 17 наставници, или повеќе од половина од вкупниот број наставници, при што дел од нив биле вклучени во повеќе проекти, а вон овој број уште четворица наставници и соработници учествувале на научни конференции. Заради ограничениот пристап до средства за научно-истражувачка работа Факултетот учествувал во проекти финансирани во рамките на заедничките средства на Универзитетот или од страна на тела на Европската унија:

*Планерски и просторни последици од намалување на бројот на населението во градовите во Република Македонија*, едногодишен научноистражувачки проект, финансиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, 2015 година

*Прегодбенски дострели во сакралната архитектура на Охрид*, едногодишен научноистражувачки проект, финансиран од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, 2016 година

*OIKONET, OIKODOMOS Network*, OIKONET партнери се универзитети, истражувачки организации, локални администрации од и вон Европа

*SYNERGY - Social Integration through Urban Growth Strategies Project*
Проект кој ги опфаќа Архитектонскиот факултет, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Политехниката во Торино (Department of Architectural Design, Politecnico di Torino, Italy), Архитектонски факултет при Универзитетот во Загреб, како и градовите Скопје, Торино, Загреб, Лисабон.

COST TU 1204: *"People Friendly Cities in a Data Rich World"*, научно- истражувачки проект финасиран од Европската фондација за наука

COST TU1306: *"Fostering knowledge about the relationship between Information and Communication Technologies and Public Spaces supported by strategies to improve their use and attractiveness (CYBERPARKS)"*, научно- истражувачки проект финасиран од Европската фондација за наука.

Наставници и соработници од Архитектонскиот факултет учествуваа на низа меѓународни научно-истражувачки собири. Во согласност со политиката на Архитектонскиот факултет, во рамките на своите можности, факултетот и финансиски го поддржуваше учеството на наставниците и соработниците на научноистражувачките конференции и собири:

*2та Интернационална конференција Места и Технологии 2015*, Нова Горица, Словенија (2$^{nd}$ International Academic Conference on Places & Technologies 2015: Keeping up with technologies to make healthy places, June 18+19, Nova Gorica, Slovenia)

*12$^{th}$ International Conference, Standardization, Protypes and Quality: A means of Balkan Countries Colaboration*. Main theme: Prototypes – Models in Architecture from Antiquity to the Future

*ОИКОНЕТ Проект – средба на работна група "community participation"* – Скопје, 18 декември, 2015. (OIKONET Project – meeting of WP3 "Community participation" – Skopje, December 18, 2015)

*3$^{rd}$ OIKONET Conference, "Global Dwelling: Sustainability-Design-Participation",* University of Central Lancashire, Manchester, UK, 2016

SINERGI Social Integration through Urban Growth Strategies, во рамките на проектот се организирани низа настани во Лисабон, Торино и Скопје:

*SINERGI Second Thematic Seminar*, 14-15-16.04.2015, Lisbon, Portugal

*SINERGI Second Thematic Workshop*, 30.06-15-02.07.2015, Torino, Italy

*SINERGI Project International Scientific Conference* 18-19 November 2015, Skopje

*Шести међународни – научно-стручни симпозијум, Инсталације & Архитектура 2015*, Архитектонски факултет, Универзитет у Београду, Белград

*16 Меѓународни симпозијум на Друштво на градежни конструктори на Македонија, Современи конструкции, одржлив развој*, Охрид 2015

*Меѓународна конференција „Capital a"* во рамките на *Balkan Architectural Biennale 2015,* Белград 08-10.12.2015

Меѓународна научна конференција „Revisions of Modern Aesthetics", Архитектонски факултет, Универзитет у Београду, Белград, 2015

Во разгледуваниот период на барање на органи на локалната самоуправа, правни и физички лица Факултетот изврши повеќе консултантски услуги и изготви стручни мислења и судски вештачења од областите на сопствената експертиза.

## 4. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Факултетот ја продолжи својата воспоставена комуникација со факултетите по архитектура во регионот. Како резултат на меѓународната соработка на факултетот во изминатиот период се оствариja низа формални и неформални средби со претставници на универзитети и факултети, организации и поединци со намера да се испитаат можностите и начините на меѓусебна соработка со Архитектонскиот факултет. Остварени се средби со претставници на: Kocaeli University, Faculty of Architecture and Design, Izmit/Kocaeli, Турција, Универзитетот во Белград, Архитектонски факултет, Србија и Aristotle University of Thessaloniki Faculty of Engineering, School of Architecture, Грција.

Во овој период беше потпишан меморандум за соработка помеѓу Архитектонскиот факултет и Архитектонскиот факултет на Универзитет во Белград, Србија. Со тоа се продолжува праксата на слични договори кои Факултетот ги има со повеќе факултети, а во тек е подготовката за потпишување на меморандум за соработка со Универзитетот за архитектура и урбанизам „Ион Минку“ од Букурешт, Романија.

## 5. РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТИРАЊЕТО НА СТУДЕНТИТЕ

Како што веќе беше посочено, за поефикасен процес на средување на податоците од студентските анкети, на Факултетот беше изработен софтвер што им овозможува на студентите процесот на анкетирање да го спроведат анонимно, преку интернет. Првите искуства со ваквиот начин на анкетирање се позитивни, а од ова искуство се извлечени заклучоци кои треба да го подобрат системот и начинот на обработка на анкетите.

Со анкетата се оценува работата на предметните наставници и на наставниците и соработниците вклучени во изведувањето на вежбите, со што е обезбедена диференцирана слика за квалитетот на целокупната настава по предметите.

Анкетите содржат прашања поврзани со: Достапност за консултации и комуникација; Квалитет на изведување на наставата и начин на изложување на наставната материја; Корисност на графичките вежби; Објективност при оценувањето; Обезбедување на соодветен материјал за учење; Однос кон студентот; Подготвеност за предавањата/вежбите; Редовност на часовите и рационално искористување на времето; Тежина на барањата по предметот и испитот; Усогласеност на вежбите со предавањата и нивна временска координација; Присуство на студентот на наставата.

Просекот на оценките добиени од анкетата за сите предмети и учесници во наставата е над 9, на скала од 5 до 10. Најниската оценка добиена од анкетирањето е 7,442, а највисоката е 10.

Генерално може да се заклучи дека студентите се задоволни со квалитетот на наставата и нејзината организација, а основната забелешка се однесува на достапноста на посочената литература.

## 6. ПРОСТОРНИ И ФИНАНСИСКИ УСЛОВИ НА РАБОТЕЊЕТО

Во оваа учебна година беа преземени зафати за реконстгрукција и адаптација на дел од работните простории и билиотеката на Факултетот. Изведена е целосна адпатација и реновирање на просториите на библиотеката со изведба на нова подна облога, инсталирање на целосен видеонадзор на просториите како и обезбедување на компјутери, скенери и друга техничка опрема за електронска евиденција и електронска обработка на библиотечниот фонд. Набавен е нов инвентар и реновирани се 6 кабинети на вработени на Факултетот, како и инвентар во салата за состаноци во која е поставена нова светлосната инфраструктура со што значитално се подобрени условите за работа во овие простории. Обновена и преуредена е партерната површина пред спомен бистата на Андреј Дамјанов и изведена нова светлосна инфраструктура. Обновена е галеријата Коридор и извршена е целосна реконструкција на санитариите во јужното крило на факултетот за што беа издвоени значителни средства. Континуирано е вршено и тековно одржување на објектот кој е во нагласено амортизирана состојба што предизвикува значително трошење на сопствени сретства.

Позначителни средства се инвестирани во опрема и набавени се 6 проектори, 5 принтери, 1 сервер, 5 лаптопи, 4 десктоп компјутери, 2 скенера, алармен систем (за компјутерскиот центар), видео надзор (холот пред амфитеатар), а набавени се и 100 училишни столици за големата сала/цртална. Набавени се и книги за библиотеката.

Буџетските средствата кои ги добива Факултетот се исклучиво наменети за месечните примања на вработените. Од сопствените приходи Факултетот ги подмирува сите останати материјални и комунални трошоци со исклучок на трошоците за парно греење, чие ненавремено подмирување во континуитет предизвикува значителни трошење на сопствени финансиски сретства за подмирување на затезните камати причинети од доцнењето на буџетските сретства. Во вкупниот обем на приходи, средствата обезбедени од буџетот учествуваат со 50%, а остатокот од 50% се сопствени средства на Факултетот остварени по сите основи на неговото делување.

Посебен проблем претставуваат исплатите на Факултетот кон даватели на услуги кои, заради трезорското работење и енормното доцнење на исплатите за услугите кои веќе биле реализирани, во голем број случаи ја отежнуваат работата на факултетот, а особено наставните активности кога фирмите избрани на тендер одбиваат да ги испорачаат услугите заради неподмирените обврски. Ова доцнење не е по вина на Факултетот, но реперкусиите ги чувствуваат студентите и вработените.

## 7. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Заклучоците и препораките кои беа резултат на спроведената самоевалуација можат да се синтетизираат на следниот начин:

- Во сите студиски години наставата се спроведува согласно предметните програми со висок степен на квалитет, редовност и континуирано надградување. Покриеноста на наставата со постојниот кадар на Факултетот се одвива во отежнати услови, зашто вкупниот број на наставници и соработници е во континуирано намалување во подолг временски период, што се одразува неповолно на севкупниот ангажман на кадарот во различните сегменти на делувањето на институцијата. Намалениот број на наставно – научен кадар предизвикува преоптовареност со обврски во наставата што директно го редуцира расположливото време за поголема ангажираност во научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност што има непосредно влијание врз исполнувањето на критериумите за напредување во наставни и повисоки наставни звања. Постои изразена потреба за нови вработувања заради евидентното „стареење“ на наставно-научниот кадар во услови на недостаток на негова редовна замена, што во иднина ќе да доведе до колапс на системот, доколку не започне процес на обновување на кадарот.

- Постојниот научен ангажман првенствено се темели на учеството во меѓународни проекти и програми каде финансирањето е обезбедено од странски извори. Финансиските средства што ги обезбедуваат Универзитетот и Факултетот се недоволни за позначајна научно-истражувачка дејност, па ревидирањето на политиката на поттикнување на научните истражувања со средства од буџетот е неопходна за позначајни научни достигнувања.

- Потребни се позначајни инвестиции во подобрувањето на условите за работа на факултетот. Иако во изминатите години, првенствено со сопствени средства, се направени повеќе зафати за подобрување на просторните услови за одвивање на наставата, заради ограничените просторни можности и новите форми на настава потребно е да се обезбедат и други современо опремени простории за различните видови настава, што ќе овозможи подобро организирање на наставните активности и порационално искористување на времето.

- Факултетот недоволно ги користи контактите со своите поранешни студенти, за што недостасува алумни асоцијација на Факултетот. Ваквата поврзаност на Факултетот со своите поранешни студенти може да придонесе кон развојот на факултетот на повеќе начини: преку пренесување на искуства, воспоставување на контакти со странски образовни институции и релевантни архитектонски фирми, како и евентуална финансиска поткрепа за активностите на факултетот.

**Комисија за самоевалуација на Архитектонскиот факултет**

Проф. д-р Влатко П. Коробар,

Претседател